# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 3 | 31 Март 2022, четврток

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**


1. **Решение** за објавување на Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово ....................................................2
2. **Одлука** за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово ............2
3. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година со негови измени и дополнувања ........................................... 2
4. **Одлука** за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година со негови измени и дополнувања .. 2
5. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство ......................................... 3
6. **Одлука** за одобрување финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство .... 4
7. **Решение** за објавување на Одлуката за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово .................................................... 4
8. **Одлука** за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово ..... 4
9. **Решение** за објавување Решението за разрешување и за избирање на претседател и на член на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово ..................................................................... 5
10. **Решение** за разрешување и за избирање на претседател и на член на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово ............................ 5
11. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година ............................................5
12. **Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година .......... 5
13. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година ............................................5
14. **Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година .... 6
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година ........................................... 6
16. **Заклучок** за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур"Јосифово за 2021 година ....... 6
17. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2021 година .......................................... 6
18. **Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка"Валандово за 2021 година ............... 6
19. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар ........................... 6
20. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар 7
21. **Решение** за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година ......................................... 7
22. **Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година .. 7

**23. Завршни сметки** на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година ......................................... 10
**24. Завршни сметки** на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година ......................................... 11
**25. Завршни сметки** на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година .......................................... 12
**26. Завршните сметки** на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2021 година ........................................ 14

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/2 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 41, став 5 алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 21 став 1 точка 6, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на генерален урбанистички план за град Валандово Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Генерален урбанистички план за град Валандово, Општина Валандово (плански период 2019-2029), со плански опфат од 178,41 ха, изработен од ДПТУ ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола со технички број 0801-02-08/19 од септември 2021 година.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 42 став 3, 4, 5 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/2 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година со негови измени и дополнувања**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година со негови измени и дополнувања, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница,одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/4 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 44 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30 03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година со негови измени и дополнувања**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од причини на неодржување на јубилејното 35-то издание на „Фолк-Фест" Валандово во 2020 и 2021 година, поради состојбата од пандемијата со корона вирусот COVID-19, се утврдува важење на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК-ФЕСТ" Валандово 2020 година, донесен од Советот на Општина Валандово под бр.08-162/11 од 30.12.2019 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.16/19), со измени и дополнувања кои се вршат со оваа Одлука.

**Член 2**

Во целиот текст на Правилникот, годината „2020" се заменува со „2022".

**Член 3**

Во член 3 од Правилникот, бројот „20" во ставовите 4 и 6, се заменува со бројот „23".

**Член 4**

Членот 5 се менува и гласи:

Фестивалот ќе се одржи во една натпреварувачка вечер, на која ќе се изведат 23 композиции.

Изборот на победничките композиции се врши по пат на гласање од страна на стручна жири комисија формирана од страна на организаторот и присутната публика во салата.

Гласањето ќе се реализира по завршувањето на натпреварувачкиот дел на фестивалот и интерпретирањето на сите 23 композиции.

Гласовите од стручната жири комисија учествуваат со 60%, а гласовите од присутната публика во салата со 40% во изборот на победничките композиции.

Гласањето на стручната жири комисија ќе биде по евровизиски начин, со распределување на гласовите само за 10 композиции и тоа на следниот начин:

- за 1 место - 12 поени;
- за 2 место – 10 поени;
- за 3 место – 8 поени;
- за 4 место – 7 поени;
- за 5 место – 6 поени
- за 6 место – 5 поени;
- за 7 место – 4 поени;
- за 8 место – 3 поени;
- за 9 место – 2 поени;
- за 10 место – 1 поен.

Доколку две или повеќе од избраните победнички композиции, добијат ист број на поени при гласањето, за избрана ќе се смета композицијата која добила поголем број на поени од стручната жири комисија.

Стручната жири комисија ќе ги избира и наградите: „Миле Брзанов“ за најдобар дебитант, „Драги Митев“ за најдобар аранжман, „Никола Бадев“ за најдобра вокална изведба и „Мирчо Карамучев“ за најдобар текст.

**Член 5**

Во член 6, ставовите по ставот 1, се заменуваат со нови ставови, кои гласат:

„Со договорот, Организаторот на фестивалот-Општина Валандово без надомест на МРТ и ги пренесува следните ексклузивни права:

- право на снимање и директен пренос на фестивалот;

- право на трајно и по број неограничено емитување на снимките од изведбите на своите програми.

МРТ како медиумски покровител на фестивалот има обврска:

- да обезбеди РК и кран камера за снимање и директен ТВ и радиот пренос на фестивалот;

- да го промовира фестивалот со емитување на најавни ТВ форшпани, шпици кои ќе ги изработи МРТ;

- да изработи најавни клипови за композициите на фестивалот;

- да го сними фестивалот на ДВД и по неговото завршување да му предаде копија на организаторот за потребите на неговата архива;

- да ги сноси трошоците за транспорт и дневници за екипата на МРТ;

- за потребите на фестивалот, да го отстапи студиото 2 на МР, за вежбање на оркестарот и учесниците“.

**Член 6**

Во член 9 износот „900.000,00“ денари, се заменува со износ „750.000,00“ денари.

**Член 7**

Во член 10 се вршат следните измени:

Износот „600.000,00“ денари за откуп на композиции кои ќе се натпреваруваат, се заменува со износ и текст „30.000,00 денари од композиција, од кои по 10.000,00 денари за авторот на музика, авторот на стихови и авторот на аранжман или вкупно 690.000,00 денари“.

Текстот „Распишување на аранжман 150.000,00 денари“, се брише;

Износот „300.000,00“ денари за сценографија, се заменува со износ „250.000,00“ денари.

Износот „900.000,00“ денари за сценски визуелен дел, се заменува со износ „750.000,00“ денари.

Износот „600.000,00“ денари за ноќевање на гости и учесници на фестивалот, се заменува со износ „300.000,00“ денари.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-32/3 Совет на Општина Валандово
22.03.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/3 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 40.000 денари, финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово, за покривање на трошоци за лекување во странство.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од Програма АО-Совет на општина, подставка 413110 тековни резерви-разновидни расходи, на сметка на мајката на детето Надица Ристова број 200002914202711, депонент Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/4 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница,одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/10 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник наРМ" бр.5/2002 год.) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесуваат на користење, одржување и управување извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово, согласно Завршниот извештај на Надзорниот орган Друштво за градење, проектирање и надзор „ГОЈА" ДООЕЛ Гевгелија бр.0701-191 од 29.09.2020 година.

**Член 2**

Реконструкциите на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, се вршени по Проект „Евалуација на мерки за енергетска ефикасност", акроним 3Ем, а се состојат од:

- поставување на комплетна термо фасада;
- поставување на нов кровен покривач;
- замена на прозорци и врати;
- реконструкција на 12 тоалети со комплет санитарии;
- поставување на нов систем за греење на пелети;
- поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија;
- поставување на фотоволтаици за топла вода;
- поставување на нов ламинатен под;
- промена на комплетната електрична инсталација;
- поставување на ново лед осветлување.

**Член 3**

Вкупната вредност на извршените реконстрикции од член 2 на оваа Одлука изнесуваат 18.181.968,24 денари.

**Член 4**

Оваа Одлука претставува основ за усогласување на сметководствената вредност на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово.

**Член 5**

Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, се обврзува најмалку во период од 5 години, извршените реконструкции кои и се пренесуваат со оваа Одлука да не ги отуѓува и ги користи исклучиво за обавување на дејноста.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/10 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување и за избирање на претседател и на член на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за разрешување и за избирање на претседател и на член на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/12 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ" бр.22/10, 136/11, 144/11, 149/15 и 37/16), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и за избирање на претседател на Советот за јавно здравје**

**1.** Од претседател на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово, **се разрешува:**

- Прим. Д-р Силвана Петковска, Завод за здравствена заштита Струмица, поради престанок на работниот однос.

**2**. За претседател на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово, **се избира:**

- Д-р Мери Николова-Гичева, специјалист-епидемолог, ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

**3.** Решението влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/12 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/5 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2021 година, предложени од Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово со Одлука бр.02-47/1 од 18.02.2022 година и тоа:
- Сметка 708010682390316 (буџетски дотации) и
- Сметка 708010682378711 (самофинансирачки дејности).

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/5 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/6 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот

на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2021 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово со Одлука бр.02-58/9 од 17.02.2022 година и тоа:
- Сметка буџетски дотации и
- Сметка сопствени приходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/6 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/7 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2021 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово со Одлука бр.09-66/3 од 24.02.2022 година и тоа:
- Сметка буџетски дотации и
- Сметка за самофинансирачки дејности.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/7 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/8 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на Јавната општинска установа-Детска градинка „Калинка" Валандово за 2021 година, предложени од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка" Валандово со Одлука бр.02-31/2 од 25.02.2022 година и тоа:
- Сметка 708010237278715 (Сопствена) и
- Сметка 708010237290310 (Буџетска).

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/8 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис"

Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/9 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-125/4 од 22.02.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-32/9 Совет на Општина Валандово
30.03.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година.

Бр.09-324/11 Градоначалник
31.03.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20), член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 9 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година**

## I. Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;

2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;

3. Пријавување на заразни болести;

4. Епидемолошки испитувања;

5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;

6. Карантин и здравствен надзор;

7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;

8. Имунизација и хемиопрофилакса;

9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

## II. Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Валандово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Валандово, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Валандово, во 2022 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

### 1.1 <u>Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата</u>

Општина Валандово и во 2022 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравстено исправана вода за пиење.

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи во Општина Валандово во 2022 година, предвидено е изградба на каптажен зафат на изворската вода, нов резервоар од 150м$^3$ и доводен цевковод од резервоарот до секундарната мрежа во селото, со должина од 1072м.

Директната грижа околу функционирањето на системите за водоснабдување во населените места и одржувањето на здравствената исправност на водата за пиење е на субјектите кои стопанисуваат со системите за водоснабдување, ЈП „Комунален сервис" Валандово и Месните Заедници.

Притоа Општина Валандово и во 2022 година ќе продолжи со постапката на преземање на надлежностите од Месните заедници и пренесување на Јавното комунално претпријатие, со што ќе се добие одговорен субјект и поголема ефикасност во функционирањето на системите и поголема безбедност на водата за пиење од аспект на нејзината здравствена исправност.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

